ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021

Здружение „Гласен Текстилец“ – Штип

Март 2022, Штип

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2021

**Автор: Здружение „Гласен Текстилец“ – Штип.**

**Улица: Пролетерска број 42, 2000 Штип.**

**Уредници: Кристина Ампева, Силвија Костовска.**

**glasentekstilec@gmail.com**

## Содржина

## Contents

Предговор ........................................................................................ 4

Проектни активности ....................................................................... 6

- ОРГАНИЗИРАНИ ГРАЃАНИ ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИДНИНА ................ 6
- ИНСТИТУЦИОНАЛНО И ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ ОД ИСТОЧЕН РЕГИОН ................................................ 8
- ОДГОВОР НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ПРЕКУ ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА НИСКО-ПЛАТЕНИ РАБОТНИЦИ, РАБОТНИЦИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ РАБОТНИЦИ.............. 11

# Предговор

Почитувани работници и работнички, пријатели, донатори и соработници,

Здружение за заштита на работничките права Гласен Текстилец - Штип е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани.

Гласен Текстилец е оформен во 2017 година од страна на текстилни работнички и активисти за заштита на човековите и работничките права. Гласен Текстилец дејствува на територијата на Република Северна Македонија. Гласен Текстилец има за цел: афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права, подигање на свеста на работниците преку едукации, трибини, конференции, семинари и други активности кои се потребни, учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија.

Изминатата 2021 година, „Гласен Текстилец“ имплементира три проекти: „Организирани граѓани за организирана иднина финансиски - поддржан од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Сида) и Олоф Палме Интернационален Центар, „Економско и правно зајакнување на жените -поддржан од шведската организација“ Квина тил Квина, „Одговор на социо – економските ефекти од КОВИД – 19 преку поддршка на ранливите групи на ниско платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници” - финансиски поддржан од Фондација Отворено општество Македонија.

Здружението е формирано се со цел да ја подигне свеста на властите, институциите, синдикатите, па и самите работници и работнички за прекршувањето на работничките права, ниските плати и кршење на законот за работни односи, закон за социјална заштита, закон за минимална плата и разните состојби кои се недозволиви во една држава која претендира да биде членка на ЕУ.

Од почетокот на 2021 година, до денес, правниот тим на Гласен Текстилец даде правна помош на работниците и работничките од приватниот сектор.

**ПОДНЕСУВАНИ БЕА БАРАЊА ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ВО ФИРМИ, ИЗГОТВУВАНИ ИЗЈАВИ И БАРАЊА ДО РАБОТОДАВАЧИ, ОТПОЧНАТИ СУДСКИ ПОСТАПКИ, КАКО И ПРИПРЕМА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ, БАРАЊА ДО ИНСТИТУЦИИ. НАЈЧЕСТИТЕ ПРИЈАВИ ЗА ПРЕКРШУВАЊЕ НА РАБОТНИЧКИ КОИ ШТО БЕА ПРИЈАВЕНИ: ПЛАТИ ПОМАЛИ ОД ЗАКОНСКИ ПРЕДВИДЕНИОТ МИНИМАЛЕЦ, НЕ ИСПЛАТЕНА ПРЕКУ ВРЕМЕНА РАБОТА, МИНАТ ТРУД, РАБОТА НА ПРАЗНИЦИ. НЕ ИСПЛАТА НА ПЛАТИ, НЕ ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО, СОЦИЈАЛНО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ДОЦНЕЊЕ СО ИСПЛАТА НА ПЛАТИ И ОСТАНАТИТЕ ПРИДОНЕСИ.**

*СО ПОЧИТ,*
*КРИСТИНА АМПЕВА*
*ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ*

## Проектни активности

## ОРГАНИЗИРАНИ ГРАЃАНИ ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИДНИНА

| **Назив** | **Организирани граѓани за организирана иднина** |
|---|---|
| **Донатор** | Олоф Палме Интернационален Центар - Шведска |
| **Период на имплементација** | 01.01.2021 - 31.12.2021 година |

**Активности:**

- ✓ **Бесплатната правна – правниот тим на Гласен Текстилец дава бесплата правна помош претежно на работниците од приватниот сектор. Подготвува и испраќа претставки и барања до Државнио инспекторат за труд како и до други институции, подготвува тужби како и кривични пријави.**
- ✓ **Текстилијада #5: Преку настанот Текстилијада 5, се презентира работата на здружението за цела година, се дава видливост на борбата за работнички права и потребата за достоинствена работа и плат. Правото на култура и уметност за оние кои во минатото ја создавале истата дури и на своето работно место. За превенирање на злоупотреби и прекршувања на работнички права, правно описменување на мобинг и дискриминација на работно место, важна е едукацијата на средношколците, како би имале млади кои ги знаат своите права и обврски од работен однос.**

**Текстилијада 2021: Текстилијадата се одржа 3 дена со низа активности и настани. Отварање „Уметници и борба за работнички права слики“. Дебата „Новинари и известувањето за работни односи индустрија“. Дебата „улога на брендови и работнички организации во ковид криза“. Промоција на книга – Хорор приказни од Кристина Божурска. Трибина „Институциите во интерес на работниците“ учество зедоа министерката за труд и социјална политика – Јагода Шахпаска, министерот за правда – Бојан Маричиќ, директорката на државниот трудов инспекторат – Јована Тренчевска, директорката на Управата за јавни приходи Сања Лукаревска. Промоција весник „Текстилец“. Стрип изложба од авторот: Никола Костовски. Завршна забава.**

- ✓ **Весник „Текстилец“: Преку продукција на весникот, ги презентираме најновите случувања, истражувања и теми поврзани со работничките права и работата на Гласен Текстилец со правни совети за заштита на нивните работнички права.**
- ✓ **Едукација на 150 млади луѓе од регионот пред првиот работен однос:**
  **Преку работата со младите волонтери, се јакнат нивните капацитети и знаења како би имале идни граѓани, работници, работодавачи, носители на одлуки кои ќе ги носат промените и бидат свесни за потребата од граѓански активизам, почитување на човековите и работничките права, заштитата од мобинг и дискриминација како фундаментални права и обврски на едно одговорно и зрело општество.**
- ✓ **Застапување и лобирање со 20 состаноци, работилници**.
- ✓ **Зајакнување на 20 работници во 4 градови во источниот регион преку 4 работилници и 4 состаноци во градовите каде што работат**.

| |
|---|
| ✓ **Зајакнување на капацитетите на персоналот и 7-10 волонтери на Гласен Текстилец преку 3-дневна обука/работилница.**<br>✓ **Работилница за градење капацитети на персоналот и волонтерите на Гласен Текстилец преку 3-дневна обука.** |

## ИНСТИТУЦИОНАЛНО И ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ ОД ИСТОЧЕН РЕГИОН

| **Проект** | **„Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од Источен регион“** |
|---|---|
| **Донатор** | Фондацијата „Жена за Жена“ - Шведска, подружница Скопје (Kvinna till Kvinna Foundation) и СИДА. |
| **Период на имплементација** | 01.12.2020 – 31.12.2021 |
| **Главна цел на проектот** | ✓ Запознавање на жените текстилни работнички со примери од регионот со цел нивно економски зајакнување, како и со законските механизми што им се достапни за почитување на работничките права и заштита од дискриминација на работното место. |
| **Активности:**<br>✓ **Изготвување на промотивни материјали и објави за видливост на социјалните мрежи (2020);** | |

- **Анализа на законската рамка (Закон за задруги и Закон за мали и средни претпријатија) со цел лоцирање на можности за финансиска независност и поддршка на текстилните работници (2021);**
  **Оваа студија е анализа на можностите за отворање на првата текстилна задруга во Северна Македонија. За да се лоцира, дефинира и да се дадат предлози за подобрување на правната рамка која постои кај нас, беше анализиран хрватскиот Закон за задруги и прописите кои постојат во Европската Унија и се направи споредба. Во анализата се споменуваат успешни гиганти кои функционираат како задруги, како што е случајот со Мондрагон. Исто така, мапирани се средствата кои финансираат ваков тип на проекти. Во анализата е претставен и бизнис план кој го подготви здружението Гласен текстилец, а во тој план свој придонес дадоа и текстилните работнички кои беа дел од семинарот за економско зајакнување.На крајот се дадени заклучоци и предлози како да се подобри македонската регулатива, како да се создаде поповолна клима за отворање ваков тип на организации, но и да се популаризира овој тип на стопански здруженија како работни организации со правични услови, плати и еднакви распределба на доходот.**
- **Изготвување на краток документ за политики во однос на работата на комисиите за одлучување во управна постапка и за работни односи од втор степен (2021);**
  **Гласен текстилец за прв пат спроведе истражување за работата на оние секундарни комисии финансирани од државниот буџет, со целосна независност, со претходно одговорени прашалници од засегнатите страни (пратеници, инспектори, самите членови на комисии). Од сите одговорени прашалници изготвен е краток**

**документ за функционалноста и работата на истата комисија како и препораки за подобрување на нивната работа.**

- ✓ **Правно зајакнување на жените и девојките за новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (2021);**
  **Семинар за правно зајакнување на жените и девојките за новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација:Семинарот се фокусираше на зајакнување на капацитетите на текстилните работнички и млади девојки за новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, Законот за работни односи и Законот за заштита од вознемирување на работното место; улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и кои механизми се достапни за заштита и докажување на дискриминација. Севкупната оценка е дека семинарот беше успешен и ги постигна целите. Целата група која учествуваше на семинарот го прошири своето знаење за механизмите за заштита од дискриминација на работното место, за пошироките законски овластувања на комисиите, како и за различните форми на дискриминација. На семинарот учествуваа 18 текстилни работнички и млади девојки.**
- ✓ **Тридневна работилница на тема „Економско зајакнување на жените текстилни работнички преку текстилни задруги“ (2021);**
  **Група од 17 текстилни работнички учествуваа на семинарот. Учесничките првенствено беа информирани за историјата на задругите, правната рамка во Северна Македонија и ЕУ, беа презентирани позитивни примери и модели на слични текстилни задруги, бизнис план за основање задруга и можности за аплицирање. за разни средства.**
- ✓ **Конференција на тема „Економско зајакнување на жените текстилни работнички преку текстилни задруги“ (2021).**
- ✓ **Legal Aid (Addtional Activity):**

**Во текот на реализацијата на проектот, преку добиената правна помош беа опфатени вкупно 1070 работници. Вкупниот број на поднесени претставки до Државниот инспекторат за труд е 15.**

## *ОДГОВОР НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ПРЕКУ ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА НИСКО-ПЛАТЕНИ РАБОТНИЦИ, РАБОТНИЦИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ РАБОТНИЦИ*

| **Назив** | **„Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско-платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници“** |
|---|---|
| **Донатор** | Фондација Отворено општество - Македонија |
| **Период на имплементација** | 01.07.2020 – 30.06.2021 |
| **Главна цел на проектот** | ✓ Лобирање, застапување и набљудување на спроведувањето на уредбите и мерките кои се однесуваат на безбедност на работно место, почитување на работнички права и исплата на плати за време на пандемијата од Ковид - 19. |
| **Специфични цели на прокетот** | ➢ Обебедување на правна помош и застапување во граѓански и кривични |

| | |
|---|---|
| | постапки за остварување на права од работен однос и кривични дела поврзани со работен однос<br>➢ Собирање на информации и податоци за работењето на институциите надлежни за спроведување на мерките, уредбите и препораките од Владата. |

**Активности:**

- ✓ **Административна подготовка на проектните активности: во овој период, првите два месеци беа искористени за административни постапки кои произлегуваат од проектот, како што се отворање на банкарска сметка, одлука и овластување и набавка на лаптоп за непречена реализација на дел од проектните активности.**
- ✓ **Организирање на 5 фокус групи заедно со ЗМАИ: секоја фокус група се состоеше од по 5 текстилни работнички од: Источен, Пелагониски, Североисточен, Југоисточен регион заедно со ЗМАИ.**
- ✓ **Следење и застапување на судски случаи: следење и застапување на 2 стратешки случаи (судски) каде што беа застапувани од страна на адвокатот и проектниот тим.**
- ✓ **Средби со текстилни работнички за правно застапување и правни совети: давање правни совети (во нашата канцеларија и електронска комуникација).**
- ✓ **Две видеа за состојбата на работничките права за време на пандемија: во овие две видеа беше прикажано со што се соочуваа вработените од текстилната индустрија за време на прогласената вонредна состојба, како и разговор со раководители на институции кои беа надлежни за спроведувањето на мерките, уредбите и препораките од Владата, како и работодавачи.**

## Лична карта на Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип

Гласен Текстилец од 2017 година работи на афирмирање и препознавање на проблемите на работниците и кршењето на човековите и работничките права, како и на подигање на свеста на работниците/чките преку едукации, трибини, конференции, семинари и други активности, учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците/чките од приватниот сектор, со акцент на текстилната, кожарската и чевларската индустрија. Преку програмите и проектите коишто ги имплементира Гласен Текстилец, директно се залага за унапредување на човековите, работничките права, пристапот до правда на маргинализираните, заштита од дискриминација, еднаква плата за иста работа. Фокус на здружението се женските права, со оглед на тоа дека 90% од вработените во текстилната индустрија се жени.

Гласен Текстилец има имплементирано над 10 самостојни проекти и неколку партнерски проекти. Преку проектните активности, се залага за директно унапредување на правата на текстилните работнички, кои патем се човекови права, загарантирани со Устав.

Во Гласен Текстилец се вработени 6 лица во текот на 2021 година.


ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ:

**1. Професионалност и транспарентност во работата на здружението;**

**2. Застапување на интересите во државата од приватниот сектор, со акцент на оние од текстилната, кожарската и чевларската индустрија;**

**3. Афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права;**

**4. Подигање на свеста на работниците преку едукации,трибини,конференции,семинари и други активности кои се Потребни;**

**5. Учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;**

**6. Изградба на сопствена структура за подготвка на проекти за развој и унапредување на здружението;**

**7. Стумулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со медиумите, бизнис секторот, други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка;**

**8. Поддршка, создадевање и развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади;**

**9. Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на работниците, преку позитивните примери во европските држави. Учество во решавање, надминување и задоволување на проблемите и потребите на работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;**

**10. Вршење и други активности и облици на работа кои придонесуваат за унапредување на правата на работниците ,популаризација на проблемите и подигање на свеста на работниците;**

**11. Оформување и развој на мрежи и групи со организации со цел зајакнување на капацитетите за подобрување на правата на работниците;**

**12. Популаризација и афирмација на статусот и кршењето на правата на маргинализираната и ранливата популација која работи во текстилната,кожарската и чевларската индустрија (роми, лгбт, зависници, сексуални работници и др.);**
**13. Јакнење и развивање на волонтеризмот и волонтерскиот менаџмент и активно вклучување на младите како во организацијата така и надвор од неа;**
**14. Социјална инклузија и подигање на свеста на граѓаните работници преку уметноста и културата.**

**Визијата на Здружението е:** **Граѓани работници со висока свест, едуцирани, информирани, ги уживаат своите права.**
**Мисијата на здружението е:** **Да биде водечка организација за остварување на правата на работниците во РСМ.**